# ОЧЕКУВАЊА ОД СТУДИИТЕ НА СТУДЕНТИТЕ НА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ, ГЕНЕРАЦИЈА 2012/2013

- **Загрижувачки 60.6% од студентите на медицина „сакаат да се отселат од Македонија„ по завршување на студиите;**
- **54.5% би сакале да работат во приватно здравство;**
- **Хирургијата е најатрактивна специјализација за 44.8% од студентите запишани во прва година на Медицинскиот факултет во Скопје;**

## Извршно резиме

Резултатите од ова кратко истражување спроведено помеѓу студентите запишани во прва година на Медицинскиот факултет во Скопје отвораат многу прашања за кои ќе биде потребно да се направат дополнителни анализи. Првично што остава длабок и позитивен впечаток е големата мотивација со која студентите се запишуваат на Медицинскиот факултет. Овој ентузијазам треба и мора да се оддржи низ текот на целите студии за што делумно ќе бидат одговорни и самите студенти, но во многу поголема мера севкупната организација на студиите на Медицинскиот факултет во Скопје. Сепак она што остава најголем впечаток од резултатите на истражувањето е големиот интерес кој студентите го прикажуваат за напуштање на Република Македонија по завршување на студиите. Овие поразителни податоци бараат дополнителни социолошки анализи со цел да се утврдат точните причини поради кои студентите својата перспектива ја гледаат надвор од државата. Дел од причините се веќе наведени во нивните отворени

одговори кои може да се синтетизираат во следнавиве изјави "Ниските плати и пред се потценувањето на докторите во Македонија ме тера да размислувам за напуштање на државата", или "Нашата работа не се цени во Македонија и не е реално платена." Во одговорите на овие прашања може да се побараат и причините поради кои мнозинството од студентите својата шанса или интерес за вработување би го барале во приватното здравство, за сметка на државниот здравствен сектор кој станува се понеатрактивен за новите генерации.

Резултатите од ова кратко истражување нудат можност и потреба за јавна дискусија и отворена дебата на повеќе прашања. Што треба да направи државата и Медицинскиот факултет за да ги мотивира студентите да останат во Македонија? Како да ги направиме понеатрактивните медицински специјализации интересни и атрактивни за студентите? Како да им се понуди подобра перспектива на новите генерации? Каков пристап да се заземе во креирањето на здравствените политики и идното планирање човечки ресурси во здравството? Во спротивно, Медицинскиот факултет, и пред се државата се соочува со горчлив проблем, да школуваат кадри кои преференцијално својата идна перспектива ја бараат надвор од матичната држава.

## Вовед

Меѓународниот проект Хелтгрупер спроведе истражување помеѓу студентите кои се запишани во прва година од нивните студии. Целта на истражувањето беше да се проценат главните очекувања кои студентите ги имаат на почетокот на студирањето. Хелтгрупер ќе го спроведе истото истражување во 2018 година на истата генерација студенти со цел да се споредат разликите во одговорите кога студентите се прва година, и кога ќе бидат при крајот на нивните студии. Идентични истражувања ќе се спроведат и во останатите држави каде е активен проектот Хелтгрупер. Помеѓу останатото ова истражување има за цел и да ги воведе студентите во основите на апликативна научно истражувачката работа.

Според податоците од Медицинскиот факултет во Скопје како студенти во прва година вкупно се запишани 217 студенти. Од нив 60 или 27.6% се студенти кои се од Скопје, додека останатите се од други градови во Македонија. Во однос на дистрибуцијата по пол, позастапени се студентите од женскиот пол со запишани 146 или 67.28% студенти, додека 71 или 32.7% се машки студенти.

## Цели на истражувањето

- Да се утврдат главните очекувања на студентите по медицина од нивните студии;
- Да се процени интересот на студентите да останат во Република Македонија по завршување на студиите;
- Да се утврди интересот на студентите да останат во своите градови на живеење по завршување на студиите;
- Да се утврди што би сакале да специјализираат по завршување на студиите;

## Методологија

Истражувањето беше анонимно, се спроведе преку интернет, при што на студентите им беше понудена можност да одговорат на 10 прашања поврзани со нивните студии. Со цел на едноставен начин да се дојде до сите студенти, беше направена посебна страница на Facebook, со име Вовед во медицина 2012/2013 во која беа поканети да се прикчуват сите студенти кои го слушаат предметот. Од формирањето на страницата вкупно 208 студенти станаа членови на групата преку која се информираат за активностите поврзани со предметот Вовед во медицина. Асистентите од Институтот за социјална медицина направија краток прашалник составен од 10 прашања. Прашалникот беше поставен на Фејсбук страната и студентите беа поканети да одговорат на прашањата. Секој студент можеше само еднаш да го пополни прашалникот. Истражувањето беше спроведено во период помеѓу 28 декември 2012 година, и 8 јануари 2013 година. Податоците беа анализирани преку статистичка обработка на одговорите.

## Прашалник

Како инструмент за истражување се користеше прашалник составен од вкупно 10 прашања кои опфаќаат општи карактеристики на популацијата (пол, возраст,

место на живеење), причини поради кои се одлучиле да студираат медицина и очекувања од студиите, што би сакале да работат студентите по завршување на студиите, дали би останале во својот град или државата по завршувањето, и каде би сакале да работат повеќе во приватно или државно здравство.

## Популација

Вкупно 68 студенти на медицина учествуваа во истражувањето што претставува околу 31.3% од сите студенти кои се запишани во прва година на Медицинскиот факултет во Скопје. Од нив 48 или 70.6% биле припаднички на женскиот пол, додека 20 или 29.4% се машки. Мнозинството од испитаниците или 54.5% се родени 1993 година што значи дека имаат 19 години, додека 43.9% се родени 1994 година. Три студенти навеле дека се родени во други години.
Пред да започнат со студирање вкупно 36.8% живееле во Скопје, додека останатите 61.8% дошле од други градови.
Дистрибуцијата на примерокот во целост одговара со структурата на студентите во зависност од пол, и населено место.

## Резултати

### Зошто се запишале на медицински факултет и кои се очекувања од студиите?

Огромното мнозинство или околу 92.2% од студентите кои учествувале во истражувањето изјавиле дека на Медицински факултет се запишале од причини што “сакаат да бидат доктори”. Во неспоредливо помал процент од 4.7% од сите испитани студенти изјавиле дека не ги знаат причините поради кои се запишале на медицина, додека помалку од 3.1% изјавиле дека биле натерани од дома. На ова прашање на студентите им беше понудена можност да оставаат дополнителни коментари кои се приложени во Анекс бр 1 од овој извештај.

### На прашањето: Какви се вашите очекувања од студиите?

огромното мнозинство или 92.4% од студентите одбрале еден од понудените одговори

- Имам големи очекувања од студиите, сакам да научам и да завршам на време.

Во значително помал процент од 7.6% дел од студентите изјавиле дека „немаат никакви очекувања, само сакаат да завршат„. Во анекс 2 се презентирани отворените кометнари на студентите за ова прашање.

## Каде се гледаат студентите по завршување на студиите?

На студентите им беше поставено прашање за тоа каде би сакале да работат по завршување на Медицинскиот факултет во Скопје. Беа понудени неколку опции и можност да се остават дополнителни коментари.

Најголемиот процент од студените или 44.8% изјавиле дека сакаат да специјализираат хирургија, дополнителни 19.0% изјавиле дека сакаат да специјализираат интерна медицина, додека 15.5% изјавиле дека се заинтересирани за гинекологија. Вкупно 13.8% би одбрале педијатрија, додека само 6.9% би се одлучиле за семејна медицина Табела 1.

**График 1.**

**Што би сакале да работите откако ќе завршите медицински факултет?**



## Колку од студентите сакаат да останат во Македонија?

Две прашања од истражувањето ја обработуваат темата на тоа во колкав процент студентите се заинтересирани да останат во својата матична држава по завршувањето на факултетот, и кои се причините поради кои би останале или заминале?

## Првото прашање гласеше: Дали планирате да останете во Македонија по завршувањето на факултетот?

Во одговор на ова прашање загрижувачи 47.7% од сите испитани студенти одговориле дека сакаат да се отселат од државата. Само 24.6% од студентите на медицина би останале во државата доколку најдат работа. Само 6.2% изјавиле дека планираат да останат во Македонија во секој случај, додека 24.6% изјавиле дека сеуште не знаат што би направиле. Види График 2.

**График 2.**

**Дали планирате да останете во Македонија по завршувањето на факултетот?**



## Второто прашање на оваа тема гласеше: Доколку може да одберете, каде би сакале да работите по завршувањето на факултетот?

Повторно, дури и во поголем процент загрижувачки 60.6% од сите студенти изјавиле дека би сакале да се отселат доколку имаат можност да одберат. Дополнителни 22.7% изјавиле дека сакаат да работат во Скопје, додека само 16.7% изјавиле дека сакаат да останат во својот град/населено место од каде доаѓаат.

**График 3.**

**Доколку може да изберете, каде би сакале да работите по завршувањето на факултетот?**




## Третото прашање на оваа тема гласеше Дали би сакале да работите во приватно, државно здравство, или ви е сеедно?

Мнозинството од 54.5% од сите испитани студенти изјавиле дека сакаат да работат во приватно здравство, додека загрижувачки мал процент од 10.6% би се одлучиле за државно здравство. Голем процент од 34.8% изјавиле дека име е сеедно каде ќе работат, само да работат.

**График 4.**
**Доколку може да изберете, каде би сакале да работите по завршувањето на факултетот?**




Последното прашање од истражувањето се однесуваше на очекувањата на студентите дали ќе ги завршат студиите во предвидениот рок.

Мнозинството од 72.1% изјавиле дека очекуваат да ги завршат студиите во предвидениот рок, додека 25% во оваа фаза од студирањето не би знаеле да кажат. Само 2.9% изјавиле дека не очекуваат да ги завршат студиите во предвидениот рок.

## Дискусија

Студирањето медицина е поатрактивно за припадничките на женскиот пол. Мнозинството од преку 70% од новата генерација студенти на медицинскиот факултет се женски. Огромното мнозинство од сите студенти кои се запишале на Медицински факултет изјавиле дека основната причина поради која сакаат да студираат медицина е дека сакаат да бидат доктори, што во принцип и не треба да изненадува. Нивните одговори се поткрепени и со отворени изјави во кои ги образложуваат своите причини. Еден од студентите напишал дека основната причина поради која студира медицина е **"Можноста да се биде лекар, да се помага, да се изнуди насмевка на нечие лице кога сите се откажале од тоа и да се врати нечиј живот во што е можно по прифатлива состојба за мене е од непроценливо значење. Можноста да се работи толку благородна истовремено и благодарна работа е само дополнителен мотив!".**

Овие резултати несомнено укажуваат на огромната мотивација и ентузијазам со кој новите студенти им пристапуваат на студиите по медицина, како и изворните мотиви поради кои се запишале на факултетот.

Во слична насока се и резултатите добиени од одговорот на прашањето **Какви се вашите очекувања од студиите?** Тука, повеќе од 92% од сите студенти изјавиле дека имаат големи очекувања, и сакаат да ги завршат студиите во предвидениот рок.

Во однос на прашањето каде ја гледаат својата идна кариера приближно половина од студентите запишани во прва година од нивните студии како преференцијална идна гранка за специјализација би ја одбрале хирургијата (44.8%). На второ место по атрактивност се издвојуваат интерната медицина и сродните гранки со вкупно 19% од понудените одговори. Понатаму следуваат гинекологија и педијатрија (15.5% и 13.8%), додека најмал процент од интересот на студентите кои се запишани во прва година е за специјализацијата по семејна медицина или матичен лекар (7%). Овие податоци го отсликуваат сегашното расположение на студентите, кое може и се очекува дека ќе биде променето во текот на студиите. Во секој случај, резултатите ги откриваат потенцијалните интереси на студентите и треба да бидат земени во предвид. Атрактивноста на хируршките гранки во почетокот од студиите е секогаш доминантна во однос на останатите делови во медицината, но тоа не значи дека хирургијата ќе биде и вистинска можност за сите студенти кои ја посакуваат. Она што е значајно е дека преку оваа анализа може да се влијае на зголемување на атрактивноста и популарноста на другите медицински гранки кои на почетокот на студиите

се чинат непопуларни за студентите, а истите се потребни и можат да понудат поголема перспектива во развојот на идните кариери на доктори на медицина во Македонија. На пример иако специјализацијата по семејна медицина на почетокот на студиите се чини непривлечна за мнозинството од студентите, перспективата за идниот развој на семејната медицина во Македонија може да понуди многу повеќе отколку специјализацијата во некоја до хируршките гранки.

Сепак, се чини дека најзагрижувачки податоци ова истражување открива во интересот на студентите да ја напуштат државата по завршување на нивните студии. Одделни две прашања ја обработуваат темата за развојот на идната кариера на студентите. На прашањето Дали би сакале да останат во Македонија по завршување на студиите, речиси половина поточно 47.7% од сите студенти изјавиле„сакам да се отселам„. На второто прашање формулирано како“Доколку може да одберете, каде би сакале да работите по завршување на студиите”, загрижувачки 60.6% изјавиле дека „сакаат да се отселат„. Од друга страна пак, околу 25% од студентите останувањето во Македонија го поврзуваат со можноста да најдат работа. Само 33.3% од студентите кои се од Скопје, потврдиле дека би сакале тука да останат да работат по завршување на студиите, додека остатокот од 66.7% изјавиле дека планираат да се отселат. Во слична насока се и резултатите на студентите кои доаѓаат од другите градови во внатрешноста на Македонија. Само 27% од оваа група студенти планира да остане во својот град или населено место по завршување на студиите. Мнозинството или 56.1% од нив планира да се отсели од Македонија, додека околу 17% би сакале да работат во Скопје.

Мнозинството од студентите го преферираат приватното во однос на државното здравство. Така, 54.4% изјавиле дека по дипломирањето би сакале да работат во приватно здравство, додека околу 35% изјавиле дека би им било сеедно каде ќе работат само доколку најдат работа.

Конечно 72% од студентите изјавиле дека планираат да ги завршат студиите во предвидениот рок за студирање.

## Ограничувања на истражувањето

Истражувањето е спроведено преку Интернет со помош на група креирана на социјалната мрежа Фејсбук. Вкупно 208 студенти се членови на групата, што безмалку ја опфаќа целата генерација студенти запишани во академската 2012/2013 година. Сите кои беа заинтересирани имаа можност да учествуваат

во истражувањето, но ние не бевме во можност да направиме примерок на случаен избор на студентите. Не сме во можност да ги одделиме студентите кои учествувале во истражувањето од тие кои не учествувале. Резултатите од ова истражување не мора да бидат репрезентативни на целата генерација студенти на медицински факултет запишани ви академска 2012/2013 година, но треба да претставуваат силен индикатор за преовладувачките ставови помеѓу студентите.

## Анекс 1

### Зошто се запишавте на Медицински факултет?

### Коментари на студентите

“Затоа што е забавно, никогаш не е досадно, учиш факти за твоето тело, се откриваш себеси и начинот на кој функционираш.. супер е!”
“Но, не беше некоја посебна желба :)”
“Самостојно го направив изборот.”
“Ме интересира медицинската наука бидејќи во неа многу работи не се докрај разјаснети или воопшто познати. Доволен предизвик е за мене да го истражувам тоа и да докажувам нови работи макар една во мојот живот.”
“Можноста да се биде лекар, да се помага,да се изнуди насмевка на нечие лице кога сите се откажале од тоа и да се врати нечиј живот во што е можно по прифатлива состојба за мене е од непроценливо значење а и можноста да се работи толку благородна истовремено и благодарна работа е само дополнителен мотив!”
“Медицината ја засакав од татко ми, кој е гинеколог, па така постојано сум опкружена со оваа професија.”
“Добра заработка и сигурна иднина за моето идно семејство.”
“Завршив во средно медицинско и бев решена дека сакам да бидам докторка.”
“Сакам да им помагам на луѓето кога тоа им е најпотребно, а сметам дека се најранливи баш кога се болни. Најмногу очекуваат од лекарите а јас како лекар мислам дека можам да ја пружам и психичката поддршка како основа за добар резултат од лекувањето.”
“Сакам да помогнам луге за да бидат здрави.”

“Уште од мали нозе голема желба ми беше да студирам медицина и да станам успешен лекар.”
“Од секогаш ме импресионирала оваа професија, поради тоа што хуманоста ти станува на некој начин професија. Исто така изучивањето на човечкото тело од секогаш ме интересирало.”
“Заради тоа што ми се допаѓа медицината како наука и сакам професии кои вклучуваат контакти со луѓе.”

## Анекс 2

### Какви се вашите очекувања од студиите?

### Коментари на студентите

“Очекувам да имам работно место кое ќе го сакам, можност за понатамошно усовршување и можност за научен и практичен придонес во медицината.”
“Да завршам на време и да продолжам со студирање да го достигнам својот врв. Кога ке успеам се надевам ке допринесам нешто ново во медицината што ке биде од корист на луѓето.”
“Сметам дека во иднина ќе се направат некој суштински промени во образовниот систем каде сите ние ќе бидеме само студенти и идни лекари кои се борат за знаење, наспроти праксата да се бориме да дојдеме до воздух покрај сите оние “звучни“ презимиња!”
“Да станам стручен, успешен и најдобар лекар.”
“Сакам да завршам и да бидам успешна во мојата професија, посебно затоа што човечки животи ќе бидат во прашање.”

## Анекс 3

### Каде се гледаат студентите по завршување на студиите?

“Сеуште не сум одлучила.”
“Обележав хирургија, но ме привлекува и неврологија, анестезиологија, ендокринологија.”
“Едно е желба а друго реалност.”
“Може и неврохирургија.”

"Да специјализирам патологија а потоа ќе видам што понатаму."
"Досегашното искуство а и адреналинот си го прават своето ! "
"Радиодијагностика"
"Да специјализирам ургентна медицина."
"Или да специјализирам спортска медицина"
"Или би сакала да специјализирам трансфузиона медицина."
"Молекуларна биологија"

## Анекс 4

### Дали би сакале да работите во приватно, државно здравство, или ви е сеедно?

"Онаму каде што ќе имам подоби услови."
"Затоа што и двете имаат свои добри и лоши страни."
"Избор на пациенти и можност за сопствена проценка на трудот."
"Само сакам да напредувам каде ке имам подобри услови таму би работел."
"Мојата визија за иднината е да се оспособам да можам од се срце да помагам некому кој не може да си дозволи да плаќа фрапантни суми дури и за обични медицински услуги иако има право да го живее животот и да му се радува подеднакво како и сите останати и на крајот на краиштата што и остана на нашата држава ако сите ние работиме за џебот на некој олигарси со приватни болници !?"
"Во државното здравство се среќаваме со повеќе колеги, притоа може да вршиме размена на искуства и знаења."
"Бидејќи сметам дека таму докторите се повеќе платени , иако нивниот труд се есплотира."
"Затоа што има поголема и навремена плата, подобри се условите во кои се работи..."
"Мислам дека здравствената заштита во приватното здравство е на повисоко ниво на организираност и се разбира се нудат подобри услови за лекување."
"Без разлика само сакам да најдам работа и да работам."

# За Хелтгрупер

Хелтгрупер е извор на сеопфатни информации за докторите и здравствените установи во Република Македонија. Хелтгрупер спроведува истражувања во сите земји каде проектот е активен со цел да се направат компаративни анализи за состојбите во здравствените системи во регионот на југо-источна Европа. Истражувањата се спроведуваат електронски при што истражувачките прашалници се доставуваат до сите заинтересирани доктори на медицина и стоматологија преку нивните е-маил адреси со кои се регистрирани на www.healthgrouper.com.

healthgrouper™

www.healthgrouper.com
9 јануари 2013